Врз основа на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2014 година,предвидени во Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2011-2015 година за активната програма,Општокорисна работа,Општина Неготино во соработка со Агенцијата за вработување на Република Македонија на ден 14.05.2014 година,објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС**

до

Невработени евидентирани лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот

1. Се повикуваат невработените евидентирани лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на труд и од другите ранливи категории,кои се заинтересирани за ангажирање во сферата на социјалната заштита за потребите на граѓаните од Неготино, да се пријават во работниот клуб на Центарот за вработување на АВРМ – Неготино во периодот од 14.05-21.05.2014 година( 5 работни дена).
2. Ангажирањето во сферата на социјалната заштита е на определено скратено работно време во период од 6 месеци за што ќе се исплаќаат по 6000 ,00 ден. за лице месечно за 20 работни часа неделно, со вклучени персонален данок и осигурување од повреда на работно место.
3. Заинтересираните невработени лица од точка 1 на овој Јавен оглас, може да се пријават за вршење на работи и работните задачи за 7 работни места како Асистент – помошник на воспитувачот( во игрални за деца од предучилишна возраст во населенитеместа: Тимјаник, Долни Дисан, Војшанци, Тремник, Пепелиште, Криволак,Црвени Брегови)

Општи и посебни услови:

-завршено гимназиско,средно стручно или друг вид на образование

-со или без претходно работно искуство

-да е невработено и евидентирано во Центарот за вработување Неготино

-да припаѓа на некоја од ранливите групи :други невработени лица со умерени потешкотии при вработување( тешко вработливи),догорочно невработени,приматели на СПП,приматели на нега за трето лице и други)

Детални информации може да се добијат во општина Неготино 361-045 лок.123 ( Одделение за локален економски развој) или во Агенцијата за вработување-Центар за вработување Неготино (361-799)

**ОПШТИНА НЕГОТИНО**